Број 3 Година XIV

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ, јануари 2020

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925
www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/1**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 99 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Карпош во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2020 година**

**Вовед**
- Општ дел
- Просторен опфат и предмет на Програмата
- Основи за изработка на Програмата
  - Законски основ
  - Основни плански документи
- Лица вклучени во изработка на Програмата

**Содржина на Програмата**
1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по урбанистички план)**
   - Листа на градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет
   - Детален, односно табеларен преглед на градежни парцели (групирани по предвидена активност)
     а. Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно надавање

б. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно надавање

в. Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање

г. Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежно земјиште што е предмет на оваа Програма**
   - Дефинирање на целна група за оделни групи на градежни парцели
   - Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали
   - Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата
   - Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата
   - Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегија

4. **Динамика на реализација на Програмата**
   - Број на турнуси за објавување на оглас, временски период за објавување на огласите и распределба на градежните парцели по турнуси
   - Пропишување на условите за надавање
   - Лица надлежни за реализација на Програмата

5. **Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

6. **Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

7. **Преодни и завршни одредби**
   **Општ дел**

Со прогласување на Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, во сопственост на јавните претпријатија, акционерски друштва и други субјекти основани од Владата на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија и во сопственост на домашни и странски физички и правни лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежното земјиште за општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, донесува Советот. Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење, користење, пренесување на правото на градење на други лица и оттуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, управува Владата на Република Северна Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење, Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е  добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено, уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Уредено градежно земјиште е земјиште опремено со комунална инфраструктура, додека неуредено е земјиште на кое нема изградено комунална инфраструктура.

Градежно земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-пректна документација, општ акт или проект за ифраструктура.

Градежна парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план, урбанистичко планска документација, урбанистичко-проектна документација, општ акт или проект за ифраструктура предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и може да се состои од една или од повеќе катастарски парцели или од делови на катастарски парцели.

Објект од траен каракер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка документација. Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот на градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се оттуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

**А) Просторен опфат и предмет на Програмата**

Предмет на Програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на Општина Карпош, дефинирана според територијалната организација на Репубика Македонија.

За да може да се врши оттуѓување, давање под закуп, на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територија на населени места и локалитети, согласно динамиката на носење на нови урбанистички планови и измените и дополнувањата на укинатите урбанистички планови од Уставен суд на Република Северна Македонија.

**Б) Основи за изработка на Програмата**

- Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се: Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и Закон за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19)
- Основни плански документи, други документи потребни за изрботка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:
  - Генерален урбанистички план на Град Скопје за плански период од 2012 до 2022 година
  - Донесени детални урбанистички планови
  - Урбанистички планови за населени места
  - Урбанистички планови за вон населени места
  - Годишна Програма за изработка на урбанистички планови

**В) Лица вклучени во изработка на Програмата**

- Име, презиме, професија и функција на сите лица од проектниот тим за изработка на Програмата
- Име, презиме, професија и функција на сите останати лица консултирани или инволвирани во изработка на Програмата

ГЛАВИ НА ПРОГРАМАТА:

1. **Цели на Програмата**
   - Општи цели на Програмата - Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој
   - Конкретни цели на Програмата по населени места, урбани блокови и локалитети

   Заинтересираните граѓани за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место/локалитет, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

2. **Обем и преглед на градежно земјиште што е предмет на Програмата (групирани по населено место и по урбанистички план)**
   - Графички прилог со одбележани градежни парцели што ќе бидат предмет на менаџирање во тоа населено место/локалитет, индетификувани со број на градежните парцели
   - Детален преглед на градежни парцели (по населеното место и по урбанистички план)

**а.Градежни парцели што ќе бидат предмет на оттуѓување по пат на јавно наддавање**
Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен и
- Вкупна почетна/утврдена цена.

**б.Градежни парцели што ќе бидат предмет на издавање под долготраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежна парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**в.Градежни парцели што ќе бида предмет на издавање под краткотраен закуп по пат на јавно наддавање**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Почетна/утврдена цена по метар квадратен за годишна закупнина;
- Вкупна почетна/утврдена цена за годишна закупнина и
- Времетраење на закупот.

**г.Градежни парцели што ќе бидат предмет на давање на користење заради давање на концесија или јавно приватно партнерство**

Табела со следните информации:

- Број на градежна парцела;
- Вкупна површина на градежната парцела;
- Намена на земјиштето (основна класа);
- Намена на земјиштето (опис);
- Броеви на катастарските парцели во состав на градежната парцела;
- Површина за градба;
- Бруто развиена површина;
- Процент на изграденост;
- Коефициент на искористеност на земјиштето;
- Максимална дозволена висина;
- Катност;
- Основ за давање на земјиштето на користење (концесија или ЈПП);
- Заинтересирано правно лице (компанија) и
- Предвидени услови за договор.

3. **Маркетинг стратегија за промоција на градежното земјиште што е предмет на оваа Програма**

Дефинирање на целни групи за оделни групи на градежни парцели.
Дефинирање на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали.
Дефинирање на опфатот и трошоците поврзани со имплементација на маркетинг стратегијата.
Дефинирање на временската рамка за имплементација на маркетинг стратегијата.
Лица задолжени за имплементација на маркетинг стратегијата.

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање/претпоставување на заинтересираните страни за купување/изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи/изнајмувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група на активностите од маркетинг стратегијата.

Со оглед на различната намена и местоположба на градежното земјиште што ќе биде понудено, логично е целните групи за одделни локации да бидат различни. Следен чекор е идентификување на најефикасните маркетинг пристапи, алатки и канали за комуницирање/промовирање на понудата до заинтересираните страни. Маркетинг пристапот, алатките и каналите за комуницирање/промовирање се лимитирани од повеќе аспекти, но главно од финансиската моќ на општината. Како и да е, маркетинг стратегијата треба да обезбеди испраќање на вистинска, навремена и прецизна информација на вистинска адреса.

**4. Динамика на реализација на Програмата**

- Градежните парцели кои што се предмет на јавна објава, ќе бидат објавени во турнуси или поединечно, согласно можностите и условите поврзани со донесувањето на урбанистичките планови и расчистувањето на имотно-правните односи и друго.
- Пропишување на условите за наддавање - Се пропишуваат/определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определување на интернет страницата на која ќе се врши наддавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и се наведуваат останати релевантни информации во врска со наддавањето.
- Лица надлежни за реализацијата на Програмата: Горан Павлов, дипл. правник; Богданка Милошевиќ-Мучева, дипл. правник; Олга Цубалеска-Јаневска, диа и Зорица Спанџева, диа.

**5. Проценка на финансиските приливи по основ на реализација на Програмата (приходна страна на Програмата)**

Проценката на финансиските приходи се прави кумулативно за секое населено место одделно, според просечната пазарна цена за метар квадратен градежно земјиште по зони во тоа населено место или локалитет.

**6. Проценка на финансиските средства потребни за релизација на Програмата (расходна страна на Програмата)**

Финансиските средства потребни за реализација на Програмата се состојат од збир на проценетите финансиски средства потребни за реализирање на следните активности:

- Трошоци по основ на администрирање на постапките за оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште;
- Трошоци по основ на експропријација и одземање на корисничко право;
- Трошоците по основ на купување на градежно земјиште од физички и правни лица и
- Трошоци за промовирање, односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на оттуѓување, односно давање под закуп на градежното земјиште.

**7. Преодни и завршни одредби**

Составен дел на оваа програма е Табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување по пат на јавно наддавање за 2020 година.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Карпош.

Оваа Програма е едногодишна и се донесува за 2020 година.

Програмата влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/4**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

# ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ ПО ПАТ НА ЈАВНО НАДДАВАЊЕ ЗА 2020 ГОДИНА

| Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење (м2) | Макс.имална изградена површина (м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тафталице 1 | 19.11 | 6100/2, 6103/1, 6097/4 | А1 | 368 | 154 | 617 | 42 | 1.68 | 10.20 | ДУП за Градска четврт З 09, (опфат помеѓу бул.„Партизански одреди“, ул.„Франклин Рузвелт“, бул. „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и бул„8-ми Септември“), Општина Карпош-Скопје |

| Локалитет | Бр.градежна парцела | Бр.катастарска парцела | Намена на земјиштето | Површина на гр. парцела(м2) | Површина за градење (м2) | Макс.имална изградена површина (м2) | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Касарна Илинден | 1.1 | 1568/27, 1568/32, 1568/9 | А2 | 3590 | 2074 | 10165 | 58 | 2.83 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.2 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 3073 | 1492 | 7310 | 49 | 2.38 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Касарна Илинден | 1.3 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 3338 | 1768 | 8665 | 53 | 2.60 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.4 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 1751 | 662 | 3245 | 38 | 1.85 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.5 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 2151 | 1054 | 5165 | 49 | 2.40 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.6 | 1568/27, 1568/9, 1568/13 | А2 | 1502 | 693 | 3396 | 46 | 2.26 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.7 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 2297 | 995 | 4875 | 43 | 2.12 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.8 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 2664 | 1181 | 5787 | 44 | 2.17 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |
| Касарна Илинден | 1.9 | 1568/27, 1568/9 | А2 | 2880 | 1492 | 7310 | 52 | 2.54 | 21.00 | ДУП за Градска четврт ССИ 03, блок 4, Општина Карпош-Скопје |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година**

1. Се објавува Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/2**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

## ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологија и енергетска ефикасност за 2020 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), во точка II. Проектни активности се врши изменување и дополнување на следниот начин:
- во точка 1.6. Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети

II. Во точка 1.6. Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети, во делот „Опис на активности“, во текстот кој објаснува за субвенционирањето на електричните тротинети стои:

“Во 2020 година се планира, за прв пат, да се имплементира и субвенционирање на купувањето на нов електричен тротинет, при што ќе се субвенционираат 30% од вредноста, но да не се премине сумата од 6.000 денари.”

Сумата од 6.000 денари треба да се замени со сума од 5.000 денари, односно тој дел од текстот ќе биде:

“Во 2020 година се планира, за прв пат, да се имплементира и субвенционирање на купувањето на нов електричен тротинет, при што ќе се субвенционираат 30% од вредноста, но не повеќе од 5.000 денари.”

По изменувањето и дополнувањето точката 1.6. гласи:

| | |
|---|---|
| **1.6.** | **Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети** |

| | |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општината Карпош планира и во текот на 2020 година да реализира проектна активност со наслов ”Цел Карпош на точак” со цел да го промовира користењето на велосипед како превозно средство и како средство за рекреација. Активноста ќе се спроведе по теркот на овогодинешното субвенционирање.<br><br>Планирано е купувањето на нов велосипед за граѓаните на Карпош да биде субвенционирано со 30% од неговата вредност, но не повеќе од 3.000 денари. Со тоа, граѓаните на Општината Карпош, покрај веќе изградената солидна инфраструктурна велосипедска мрежа, ќе добијат уште еден стимул за користење на велосипеди.<br><br>Во 2020 година се планира, за прв пат, да се имплементира и субвенционирање на купувањето на нов електричен тротинет, при што ќе се субвенционираат 30% од вредноста, но не повеќе од од 5.000 денари.<br><br>За акцијата на субвенционирање велосипеди и електрични тротинети предвидени се вкупно финансиски средства во висина од 500.000 денари (300.000 денари за велосипеди и 200.000 денари за електрични тротинети), а истата ќе биде важечка до исцрпување на средствата. |
| **Стратешки насоки и цели:** | • Почиста животна средина во општината, односно помала емисија на штетни гасови;<br>• Намалување на сообраќајот;<br>• Подобрување на здравјето на граѓаните – корисници на велосипеди и електрични тротинети. |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Почиста општина, поздрави граѓани |
| **Целна група:** | Граѓаните на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 500.000,00 денари |

III. Во делот вкупна предвидена финансиска рамка и во делот „III. Финансирање“ износот од „169.200.000 денари“ останува непроменет.

IV. Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/5**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди и електрични тротинети**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди и електрични тротинети, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/3**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 15, став 1, точка 2, како и член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11); член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на елокогијата и енергетската ефикасност за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), дел II.Проектни активности, точка 1.Одделение за екологија, потточка 1.6.Субвенционирање на купување велосипеди и електрични тротинети, Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница , одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди и електрични тротинети**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош, дава согласност за распишување Оглас и спроведување постапка за субвенционирање на купување нови велосипеди и тротинети на жителите на Општина Карпош, во износ од 30% од сумата за платен велосипед, но најмногу до 3.000,00 денари и 30% од сумата за купување на електричен тротинет но најмногу до 5.000.00 денари.

Субвенциите ќе се доделуваат по принципот прв дојден прв услужен, до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, од програма за Екологија и енергетска ефикасност, потточка 1.6.Субвенционирање на купување велосипед,

**Член 2**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, во висина од 500.000,00 (петстотини илјади) денари, и тоа: 300.000,00 денари за субвенционирање на велосипеди и 200.000,00 денари за субвенционирање на електрични тротинети.

**Член 3**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди

и електрични тротинети објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.
По исцрпување на финансиските средства предвидени во Буџетот на Општина Карпош за 2020година, за исплата на субвенции, Општината ќе објави јавно соопштение дека субвенционирањето за тековната 2020 година е завршено.

**Член 4**

Постапката за одобрување субвенции на жителите на Општина Карпош за купување нови велосипеди ќе ја спроведе Комисија во состав: Петар Теов- Сектор за екологија и енергетска ефикасност, Марко Петрушевски- Сектор за развој, Александра Спасовска- Сектор за финансиски прашања

**Член 5**

Заинтересираните физички лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

- Лична карта во фотокопија,
- Трансакциска сметка, во фотокопија
- Фискална сметка за купен велосипед или купен тротинет, кој е купен не порано од 03.02.2020 година
- Жителите кои веќе оствариле право на субвенција и добиле средства по истата од Град Скопје, немаат право да учетвуваат по огласот.

**Член 6**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за одобрување субвенции за купување нови велосипеди и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на субвенции за купување нови велосипеди, до исрпување на предвидените средства во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година.

**Член 7**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 8**

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/6**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година**

1. Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/4**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), а во врска со дел II.Проектни активности, Точка 8. Поддршка на проекти од областа на образованието од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на образованието за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“бр. 24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица од Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската поддршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на образованието (сите области кои се однесуваат на образованието) за физички и правни лица за 2020 година, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош .

Комисијата да биде составена од пет члена , од кои два члена од советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација на мандатни прашања, избори и именувања и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош.

За членови во комисијата се именуваат:

-Наташа Пеливанова-член на Советот на Општина Карпош

-Елена Антониевиќ-член на Советот на Општина Карпош

- Емилија Арсовска - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош
- Љупка Трајчевска - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош
- Карина Ивановска - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и вработени во јавните институции на Општина Карпош основани од општината и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области, а кои со своите програми, проекти и активности придонесуваат за развој на образованието во општината и пошироко.

Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги бараат средствата.

Критериуми за доделување на финансиска поддршка:

- Краток опис на активностите од предходните години,
- домашни и меѓународни настапи и организирање на манифестации од областа на образованието
- постигнати успеси во последните 3 (три) години.

Заинтересираните физички и правни лица, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи:

<u>ФИЗИЧКИ ЛИЦА:</u>

- Лична карта, во фотокопија
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот

<u>ПРАВНИ ЛИЦА:</u>

- Тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија, не постара од 6 (шест) месеци
- Изработен проект,
- Финансиски план на проектот
-

**Член 5**

За исплата на финасиската поддршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година во вкупен износ од 1.500.000,00 денари.

**Член 6**

Огласот да трае до исцрпување на предвидените финансиски средства неведени во член 6 од оваа одлука, но со услов реализираниот проект да биде реализиан најдоцна до 31.12.2020 година,

**Член 7**

Се задолжува Комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички лица жители на Општина Карпош и вработени во јавните институции на Општина Карпош основани од општината и правни лица регистрирани за дејности кои ја опфаќаат дејноста образование во сите области за 2020 година и врз основа на Записникот од спроведената

постапка да достави до Советот на Општина Карпош и Градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка на проекти од областа на образованието за физички и правни лица за 2020 година, во случај доколку се реализирани предметните проекти.

**Член 8**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата на одобрените средства.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија и договор за доделување финансиски средства за реализација на проекти од областа на образованието за 2020 година, откако ќе им се исплати финансисата поддршка ,до Општина Карпош да достават детални финанскиски извештаи за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури со сметко-потврди или фискални сметки со сметко потврди, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 11**

Останатите поединости и прецизирања на условите, ќе бидат објавени во јавниот оглас.

**Член 12**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/7**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош за 2020 година**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош за 2020 година, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/5**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 и точка 9; 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со дел II. Проектни активности, Точка 5. финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на спортот за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување на оглас за доделување финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската подршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издават на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска подршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.

Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација и мандатни прашања, избори и именувања и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош

За членови во Комисијата се именуваат:

- Андреј Манолев - член на Советот на Општина Карпош,
- Владимир Станивуковиќ - член на Советот на Општина Карпош,
- Ивица Јаковлевски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош,

- Борис Чурлинов - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош и
- Елена Димковска-Симоновски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош,

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за промоција на општината.
Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.
Критериуми за доделување на финансиска подршка за проекти

Општи критериуми:
- Квалитет и значење на проектот,
- популаризација,
- промоција,
- масовност,
- афирмација и едукација на младите за спорт и здравје.

Посебни критериуми:
- Манифестацијата да е од посебен интерес за Општина Карпош,
- целта на манифестацијата да биде развој на спортската воспитна образовна едукација и здравје,
- проектите да допринесуваат за развој кај младите за бавење со спорт за сите и
- проектот да обезбедува потикнување на спортски манифестации за лица со посебни потреби.

Заинтересираните кандидати, кон апликацијата потребно е да ги достават следните документи.
За физички лица:
- лична карта, во фотокопија,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот.

За правни лица:
- тековна состојба издадена од централен регистар на Република Македонија, не постар од 6 (шест) месеци,
- изработен проект и

- финансиски план на проектот.
-

**Член 5**

За исплата на финансиската подршка од член 1 на оваа одлука се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, во висина од 1.100.000,00 денари.
Во зависност од приложените документи, Општина Карпош, висината на финансиската подршка ќе ја додели во рамките на своите можности.

**Член 6**

Огласот трае до исцрпување на предвидените финансиски средства наведени во член 5 од оваа одлука, или до 31.12.2020 година.

**Член 7**

Се задолжува комисијата од член 3 на оваа одлука да ја спроведе постапката по објавениот оглас за доделување на Финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка за спортско рекреативни и здравствени проекти за физички и правни лица од Општина Карпош.

**Член 8**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Член 10**

Се задолжуваат сите физички и правни лица чии што барања ќе бидат одобрени и ќе бидат изготвени решенија и договор за доделување финансиски средства за реализација на проекти за спортско рекреативни и здравствени проекти за 2020 година, откако ќе им се исплати финансиската подршка до Општина Карпош да достават детален финансиски извештај, потврди или финансиски сметки, согласно приложениот финансиски план на проекти при аплицирањето на огласот.

**Член 11**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањe, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-493/8**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување финансиска поддршка за проекти од културата од Општина Карпош за 2020 година**

1.Се објавува Одлука за давање согласност за објавување на оглас за доделување финансиска поддршка за проекти од културата од Општина Карпош за 2020 година донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/6**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со дел II. Проектни активности, Точка 2. финансиска поддршка за проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2020 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата од Општина Карпош за 2020 година**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош за 2020 година.

**Член 2**

Финансиската подршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас за доделување на Финансиска поддршка на проекти од областа на културата за физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош, кои ја опфаќат дејноста култура во сите области, објавен во два дневни весника, од кои во еден од весниците што се издават на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот.

**Член 3**

Постапката за доделување финансиска подршка на проекти од областа на културата за физички и правни лица ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош.
Комисијата да биде составена од пет члена, од кои два члена од советот на Општина Карпош на предлог на Комисијата за прашања на верификација и мандатни прашања, избори и именувања и три члена вработени во општинската администрација на Општина Карпош
За членови во Комисијата се именуваат:

- Филип Даскаловски - член на Советот на Општина Карпош,
- Емилија Ризеска Спасова - член на Советот на Општина Карпош,

- Тања Милошева - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош,
- Миле Мирчевски - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош и
- Гордана Стојчевска Зафировска - член вработен во општинската администрација на Општина Карпош,

**Член 4**

На јавниот оглас можат да учествуваат сите заинтересирани физички лица жители на Општина Карпош и правни лица регистрирани во Општина Карпош за дејности кои ја опфаќаат дејноста култура во сите области, а кои со своите програми и активности придонесуваат за развој на културата во општината и пошироко.
Јавниот оглас се однесува за проекти од областите: издавачка дејност, фолклор, музичко сценска дејност, театар и глума и ликовно - уметничка изложбена дејност
Физичките и правните лица се должни во барањето да ги наведат причините, целите, очекуваните резултати и намената за кои ги барат средствата.
Критериуми за доделување на финансиска подршка за проекти

- Проектите да се од посебен интерес за граѓаните на општината од областа на културата,
- домашни и меѓународни настапи,
- потврда за организирање на културни манифестации
- постигнати успеси во последната година.

За физички лица:
- лична карта, во фотокопија,
- изработен проект и
- финансиски план на проектот.

За правни лица:
- тековна состојба издадена од централен регистар на Република Македонија, не постар од 6 (шест) месеци,
- Организациона поставеност
| 402110 | Osnovni pridonesi za PIO | 18.000.000 | 17.762.336 | 237.664 | 98,680 |
| 402190 | Drugi pridonesi za PIO | 1.000 | 100 | 900 | 10,000 |
| 402210 | Osnovni pridonesi za zdravstvo | 7.600.000 | 7.147.902 | 452.098 | 94,051 |
| 402220 | Osnoven pridones za profesionalno zaboluvawe | 500.000 | 483.476 | 16.524 | 96,695 |
| 402290 | Drugi pridonesi za Fondot za zdravstvo | 1.000 | 40 | 960 | 4,000 |
| 402310 | Osnovni prodonesi do Agencijata za vrabotuvawe | 1.300.000 | 1.160.305 | 139.695 | 89,254 |
| 402390 | Drugi pridonesi do Agencijata za vrabotuvawe | 0 | 7 | -7 | 0,000 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **16.615.000** | **15.266.653** | **1.348.347** | **91,885** |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 6.955.000 | 6.665.035 | 289.965 | 95,831 |
| 421110 | Elektri~na energija | 2.000.000 | 2.009.163 | -9.163 | 100,458 |
| 421120 | Vodovod i kanalizacija | 800.000 | 862.767 | -62.767 | 107,846 |
| 421130 | \ubretarina | 500.000 | 459.587 | 40.413 | 91,917 |
| 421190 | Drugi komunalni taksi i uslugi | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 421210 | Centralno greewe | 3.000.000 | 2.865.044 | 134.956 | 95,501 |
| 421240 | Te~ni goriva | 100.000 | 72.976 | 27.024 | 72,976 |
| 421320 | Telefon i telefaks | 350.000 | 256.289 | 93.711 | 73,225 |
| 421410 | Goriva i masla (motorni vozila) | 100.000 | 67.155 | 32.845 | 67,155 |
| 421420 | Registracija na motorni vozila | 45.000 | 31.754 | 13.246 | 70,564 |
| 421440 | Transport na lu\|e | 50.000 | 40.300 | 9.700 | 80,600 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 480.000 | 350.028 | 129.972 | 72,922 |
| 423110 | Kancelariski materijali | 50.000 | 5.627 | 44.373 | 11,254 |
| 423120 | Spisanija, vesnici i drugi izdanija za koristewe od strana na vra | 50.000 | 51.480 | -1.480 | 102,960 |
| 423310 | Uniformi | 55.000 | 51.861 | 3.139 | 94,293 |
| 423330 | Postelnina | 50.000 | 50.250 | -250 | 100,500 |
| 423510 | Lekovi | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 423590 | Drugi medicinski materijali | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 423610 | Nastavno-obrazovni pomagala | 10.000 | 26.947 | -16.947 | 269,470 |
| 423710 | Sredstva za odr`uvawe na higiena | 35.000 | 31.970 | 3.030 | 91,343 |
| 423720 | Materijali za razni popravki | 20.000 | 42.701 | -22.701 | 213,505 |
| 423810 | Siten inventar | 70.000 | 44.475 | 25.525 | 63,536 |
| 423830 | Rezervni delovi | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 423910 | Drugi materijali za specijalna namena | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 423990 | Drugi materijali | 100.000 | 44.717 | 55.283 | 44,717 |
| 424 | Popravki i tekovno odr`uvawe | 5.985.000 | 5.384.891 | 600.109 | 89,973 |
| 424110 | Popravki i servisirawe na lesni vozila (vklu~uva•˜ rezervni de | 30.000 | 22.937 | 7.063 | 76,457 |
| 424210 | Odr`uvawe na zgradi | 5.415.000 | 4.920.526 | 494.474 | 90,868 |
| 424220 | Uslugi za obezbeduvawe na objekti | 50.000 | 15.930 | 34.070 | 31,860 |
| 424230 | Dezinfekcija, dezinsekcija i deratizacija | 50.000 | 1.180 | 48.820 | 2,360 |
| 424410 | Popravki i odr`uvawe na mebel | 30.000 | 0 | 30.000 | 0,000 |
| 424420 | Popravki i odr`uvawe na softverska i hardverska oprema | 30.000 | 43.962 | -13.962 | 146,540 |
| 424430 | Popravki i odr`uvawe na ma{ini | 230.000 | 165.790 | 64.210 | 72,083 |
| 424440 | Popravki i odr`uvawe na druga oprema | 150.000 | 214.566 | -64.566 | 143,044 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 2.945.000 | 2.733.411 | 211.589 | 92,815 |
| 425260 | Osiguruvawe na motorni vozila | 100.000 | 21.771 | 78.229 | 21,771 |
| 425360 | Pla}awe na sudski taksi | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 425420 | Primarna zdravstvena za{tita | 200.000 | 184.750 | 15.250 | 92,375 |
| 425430 | Specijalisti~ko-konsultativna zdravstvena za{tita | 0 | 36.600 | -36.600 | 0,000 |
| 425720 | Uslugi za razvoj na nastavniot plan i programa | 35.000 | 0 | 35.000 | 0,000 |
| 425740 | Dopolnitelni aktivnosti | 50.000 | 43.900 | 6.100 | 87,800 |
| 425920 | Uslugi za kopirawe, pe~atewe i izdavawe | 0 | 34.601 | -34.601 | 0,000 |
| 425970 | Konsultantski uslugi | 50.000 | 7.080 | 42.920 | 14,160 |
| 425990 | Drugi dogovorni uslugi | 2.500.000 | 2.404.709 | 95.291 | 96,188 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 250.000 | 133.288 | 116.712 | 53,315 |
| 426310 | Seminari i konferencii | 100.000 | 28.046 | 71.954 | 28,046 |
| 426410 | Objavuvawe na oglasi | 100.000 | 97.388 | 2.612 | 97,388 |
| 426990 | Drugi operativni rashodi | 50.000 | 7.854 | 42.146 | 15,708 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **9.400.000** | **8.673.080** | **726.920** | **92,267** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 800.000 | 503.539 | 296.461 | 62,942 |
| 480110 | Kupuvawe na kancelariska oprema | 0 | 63.000 | -63.000 | 0,000 |
| 480140 | Kupuvawe na informati~ka i video oprema | 100.000 | 56.992 | 43.008 | 56,992 |
| 480150 | Kupuvawe na kujnska oprema | 300.000 | 333.548 | -33.548 | 111,183 |
| 480180 | Kupuvawe na oprema za vozduhoplovi | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,000 |
| 480190 | Kupuvawe na druga oprema | 100.000 | 49.999 | 50.001 | 49,999 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 7.400.000 | 7.119.623 | 280.377 | 96,211 |
| 482920 | Izgradba na drugi objekti | 0 | 7.119.623 | -7.119.623 | 0,000 |

## Realizacija na rashodi na smetka za dotacii

| Potstavka | Opis na potstavkata | P L A N | REALIZAC. | OSTATOK | PROC. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **389.447.000** | **380.591.678** | **8.855.322** | **97,726** |
| 482930 | Rekonstrukcija na drugi objekti | 7.400.000 | 0 | 7.400.000 | 0,000 |
| 483 | Kupuvawe na mebel | 1.200.000 | 1.049.918 | 150.082 | 87,493 |
| 483110 | Kupuvawe na kancelariski mebel | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,000 |
| 483120 | Kupuvawe na u~ili{en mebel | 400.000 | 629.918 | -229.918 | 157,480 |
| 483190 | Kupuvawe na drug mebel | 500.000 | 420.000 | 80.000 | 84,000 |

# Realizacija na rashodi na smetka za donacii

| Potstavka | Opis na potstavkata | P L A N | REALIZAC. | OSTATOK | PROC. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **55.000.000** | **14.503.228** | **40.496.772** | **26,370** |
| **JM0** | **PARKOVI I ZELENILO (KAPITALNI RASHODI)** | **3.400.000** | **0** | **3.400.000** | **0,000** |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **3.400.000** | **0** | **3.400.000** | **0,000** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 3.400.000 | 0 | 3.400.000 | 0,000 |
| 482920 | Izgradba na drugi objekti | 3.400.000 | 0 | 3.400.000 | 0,000 |
| **JN0** | **URBANA OPREMA (KAPITALNI RASHODI)** | **5.000.000** | **0** | **5.000.000** | **0,000** |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **5.000.000** | **0** | **5.000.000** | **0,000** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 5.000.000 | 0 | 5.000.000 | 0,000 |
| 482920 | Izgradba na drugi objekti | 5.000.000 | 0 | 5.000.000 | 0,000 |
| **N10** | **OSNOVNO OBRAZOVANIE** | **33.640.000** | **4.021.836** | **29.618.164** | **11,956** |
| **40** | **PLATI I NADOMESTOCI** | **1.570.000** | **174.137** | **1.395.863** | **11,092** |
| 401 | Osnovni plati | 1.350.000 | 91.050 | 1.258.950 | 6,744 |
| 401130 | Osnovni plati - drugi vraboteni | 1.200.000 | 0 | 1.200.000 | 0,000 |
| 401310 | Personalen danok na dohod od plata | 150.000 | 91.050 | 58.950 | 60,700 |
| 402 | Pridonesi za socijalno osiguruvawe | 220.000 | 83.087 | 136.913 | 37,767 |
| 402110 | Osnovni pridonesi za PIO | 220.000 | 83.087 | 136.913 | 37,767 |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **31.686.000** | **3.516.036** | **28.169.964** | **11,096** |
| 420 | Patni i dnevni rashodi | 20.531.000 | 2.003.521 | 18.527.479 | 9,759 |
| 420120 | Patuvawe vo zemjata - patni rashodi | 12.000 | 0 | 12.000 | 0,000 |
| 420210 | Patuvawe vo stranstvo - hranarina (dnevnica) | 11.349.000 | 1.086.565 | 10.262.435 | 9,574 |
| 420220 | Patuvawe vo stranstvo - patni rashodi | 7.410.000 | 627.488 | 6.782.512 | 8,468 |
| 420230 | Patuvawe vo stranstvo - smestuvawe | 1.700.000 | 289.468 | 1.410.532 | 17,028 |
| 420240 | Patuvawe vo stranstvo - sporedni rashodi | 60.000 | 0 | 60.000 | 0,000 |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 422.000 | 66.555 | 355.445 | 15,771 |
| 421440 | Transport na lu\|e | 422.000 | 66.555 | 355.445 | 15,771 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 868.000 | 77.392 | 790.608 | 8,916 |
| 423110 | Kancelariski materijali | 271.000 | 47.753 | 223.247 | 17,621 |
| 423210 | Materijali za AOP | 140.000 | 0 | 140.000 | 0,000 |
| 423310 | Uniformi | 12.000 | 2.880 | 9.120 | 24,000 |
| 423410 | Prehranbeni produkti i pijalaci | 54.000 | 0 | 54.000 | 0,000 |
| 423610 | Nastavno-obrazovni pomagala | 50.000 | 0 | 50.000 | 0,000 |
| 423620 | U~ili{ni materijali | 65.000 | 0 | 65.000 | 0,000 |
| 423710 | Sredstva za odr`uvawe na higiena | 3.000 | 0 | 3.000 | 0,000 |
| 423810 | Siten inventar | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 423910 | Drugi materijali za specijalna namena | 0 | 2.000 | -2.000 | 0,000 |
| 423990 | Drugi materijali | 263.000 | 24.759 | 238.241 | 9,414 |
| 425 | Dogovorni uslugi | 7.903.000 | 1.072.376 | 6.830.624 | 13,569 |
| 425190 | Iznajmuvawe na druga oprema i oprema za specijalni nameni | 15.000 | 0 | 15.000 | 0,000 |
| 425220 | Bankarska provizija | 380.000 | 23.133 | 356.867 | 6,088 |
| 425230 | Osiguruvawe na vraboteni (nesre}i, `ivot) | 10.000 | 0 | 10.000 | 0,000 |
| 425290 | Drugi finansiski uslugi | 130.000 | 0 | 130.000 | 0,000 |
| 425760 | Prevozni uslugi vo obrazovanieto | 558.000 | 3.524 | 554.476 | 0,632 |
| 425790 | Drugi obrazovni uslugi | 247.000 | 1.812 | 245.188 | 0,734 |
| 425910 | Preveduva~i | 574.000 | 0 | 574.000 | 0,000 |
| 425920 | Uslugi za kopirawe, pe~atewe i izdavawe | 232.000 | 4.688 | 227.312 | 2,021 |
| 425970 | Konsultantski uslugi | 195.000 | 0 | 195.000 | 0,000 |
| 425990 | Drugi dogovorni uslugi | 5.562.000 | 1.039.219 | 4.522.781 | 18,684 |
| 426 | Drugi tekovni rashodi | 1.962.000 | 296.192 | 1.665.808 | 15,096 |
| 426210 | Rashodi za reprezentacija | 1.170.000 | 128.214 | 1.041.786 | 10,958 |
| 426310 | Seminari i konferencii | 378.000 | 151.478 | 226.522 | 40,074 |
| 426990 | Drugi operativni rashodi | 414.000 | 16.500 | 397.500 | 3,986 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **384.000** | **331.663** | **52.337** | **86,371** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 195.000 | 142.663 | 52.337 | 73,161 |
| 480130 | Kupuvawe na laboratoriska i nau~no-istra`uva~ka oprema | 0 | 7.115 | -7.115 | 0,000 |
| 480140 | Kupuvawe na informati~ka i video oprema | 121.000 | 81.429 | 39.571 | 67,297 |
| 480160 | Kupuvawe na oprema za greewe i klimatizacija | 0 | 19.899 | -19.899 | 0,000 |
| 480190 | Kupuvawe na druga oprema | 74.000 | 34.220 | 39.780 | 46,243 |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 189.000 | 189.000 | 0 | 0,000 |
| 482920 | Izgradba na drugi objekti | 189.000 | 189.000 | 0 | 100,000 |

# Realizacija na rashodi na smetka za donacii

| Potstavka | Opis na potstavkata | P L A N | REALIZAC. | OSTATOK | PROC. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **55.000.000** | **14.503.228** | **40.496.772** | **26,370** |
| **V10** | **DETSKI GRADINKI** | **960.000** | **38.836** | **921.164** | **4,045** |
| **42** | **STOKI I USLUGI** | **600.000** | **38.836** | **561.164** | **6,473** |
| 421 | Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,000 |
| 421440 | Transport na lu\|e | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,000 |
| 423 | Materijali i siten inventar | 300.000 | 38.836 | 261.164 | 12,945 |
| 423120 | Spisanija, vesnici i drugi izdanija za koristewe od strana na vra | 0 | 24.036 | -24.036 | 0,000 |
| 423410 | Prehranbeni produkti i pijalaci | 300.000 | 0 | 300.000 | 0,000 |
| 423710 | Sredstva za odr`uvawe na higiena | 0 | 14.800 | -14.800 | 0,000 |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **360.000** | **0** | **360.000** | **0,000** |
| 480 | Kupuvawe na oprema i ma{ini | 360.000 | 0 | 360.000 | 0,000 |
| 480190 | Kupuvawe na druga oprema | 360.000 | 0 | 360.000 | 0,000 |
| **VA0** | **SOCIJALNA ZA[TITA I ZA[TITA NA DECA (KAPITALNI RASHOI** | **12.000.000** | **10.442.556** | **1.557.444** | **87,021** |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **12.000.000** | **10.442.556** | **1.557.444** | **87,021** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 12.000.000 | 10.442.556 | 1.557.444 | 87,021 |
| 482920 | Izgradba na drugi objekti | 12.000.000 | 10.442.556 | 1.557.444 | 87,021 |

## Realizacija na rashodi na smetka za krediti

| Potstavka | Opis na potstavkata | P L A N | REALIZAC. | OSTATOK | PROC. |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **32.000.000** | **10.527.509** | **21.472.491** | **32,898** |
| **JD0** | **IZGRADBA I REKONSTRUKCIJA NA LOKALNI PATI [TA I ULICI** | **12.000.000** | **10.527.509** | **1.472.491** | **87,729** |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **12.000.000** | **10.527.509** | **1.472.491** | **87,729** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 12.000.000 | 10.527.509 | 1.472.491 | 87,729 |
| 482130 | Rekonstrukcija na ulici, pati { ta i avtopati | 12.000.000 | 10.527.509 | 1.472.491 | 87,729 |
| **VA0** | **SOCIJALNA ZA [TITA I ZA [TITA NA DECA (KAPITALNI RASHOI** | **20.000.000** | **0** | **20.000.000** | **0,000** |
| **48** | **KAPITALNI RASHODI** | **20.000.000** | **0** | **20.000.000** | **0,000** |
| 482 | Drugi grade`ni objekti | 20.000.000 | 0 | 20.000.000 | 0,000 |
| 482930 | Rekonstrukcija na drugi objekti | 20.000.000 | 0 | 20.000.000 | 0,000 |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година бр.09-9170/20 од 26.12.2019 година**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година бр.09-9170/20 од 26.12.2019 година, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/29**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36 став 1, точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04; 96/04; 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/18), а во врска со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година бр.09-9170/20 од 26.12.2019 година, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2020 година бр.09-9170/20 од 26.12.2019 година**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина карпош за 2020 година бр.09-9170/20 од 26.12.2019 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, се врши изменување и дополнување во член 9, став 4, на начин што износот во висина од „22,03“ се брише, а на негово место се запишува износот во висина од „22,53“.

**По изменувањето и дополнувањето член 9 гласи:**

**„Член 9**

Исплатата на платата на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот на општината.

Основица за пресметување на платата на Градоначалникот на Општината се утврдува согласно Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката (Службен весник на РМ бр. 36/90; 44/90; 11/91; 38/91; 16/97; 37/05; 84/05; 121/07; 161/08; 92/09; 4/10; 97/10; 162/10; 11/12; 145/12; 170/13 и 139/14) и тоа според законски утврдениот коефициент за утврдување на платата на градоначалникот кој изнесува 3,4.

Вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници се утврдува секоја година со Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници која ја донесува Советот на општината.
„Вредноста на бодот за утврдување на платите на вработените во општинската администрација во Општина Карпош кој немаат статус на државни службеници, за 2020 година ќе изнесува 22,53 денари.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош” и ќе се применува почнувајќе со исплата на платата за месец јануари 2020 година.

**Број: 09-493/32**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година бр.09-9170/21 од 26.12.2019 година**

1.Се објавува Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година бр.09-9170/21 од 26.12.2019 година, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/30**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр 5/2002); член 88, став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), а во врска со Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година бр.09-9170/21 од 26.12.2019 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош и Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платата на државните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.276/2019), Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година бр.09-9170/21 од 26.12.2019 година**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на вредноста на бодот на платите на државните службеници за 2020 година бр.09-9170/21 од 26.12.2019 година, донесена на триесет и третата седница на Советот на Општина Карпош, се врши изменување и дополнување во член 1, на начин што износот во висина од „81,10“ се брише, а на негово место се запишува износот во висина од „81,60“.

По изменувањето и дополнувањето, член 1 од одлуката гласи:

„Вредноста на бодот за платите на државните служеници за 2020 година изнесува 81,60 денари.“

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Карпош“ и ќе се применува почнувјќи со исплата на платата за месец јануари 2020 година.

**Број: 09-493/33**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради заколективното домување во Општина Карпош**

1.Се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради заколективното домување во Општина Карпош, донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/31**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1. точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради заколективното домување во Општина Карпош

### Општи одредби
### Член 1

Со Правилникот се уредуваат:условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање врз основа на кои Општина Карпош, согласно законските прописи и подзаконските акти, во рамките на средствата наменети во Буџетот на Општината ќе го поддржи проектот за „Енергетски ефикасни домови“ на територијата на Општина Карпош.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за проектот „Енергетски ефикасни домови“ изнесува 3.000.000,00 денари.

### Член 2

Корисници на субвенции и поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување(во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за поддршкапроектот на „енергетски ефикасни домови“, преку:

- пополнување на апликација
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

На тој начин се стекнуваат со право на можност за субвенционирање на инвестиции со мерки за енергетска ефикасност, односно поставување на енергетски ефикасна фасада и промена или поставување на енергетски ефикасен кров.

**Член 3**

Целта на овој правилник е остварување на политиките за енергетска ефикасност на зградите преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, а одредбите од овој правилник се применуваат за станбените згради за колективно домување на територијата на Општина Карпош во насока на подобрување на енергетската ефикасност и заштеда на енергија.

**Член 4**

Правилникот е изработен во соработка со Хабитат Македонија врз база на нивното долгогодишно практично искуство, а врз основа на потпишаниот меморандум за соработка.

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 5**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на поддршката, односно да бидат потенцијални партнери во проектот се следниве:

- ✓ Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител, кои се евидентирани во Регистарот на Заедници на сопственици кој го води Општина Карпош.

Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фимата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.

- ✓ Да доставаат Имотен лист со кој се докажува сопственоста

Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист со кој се докажува сопственоста.

**Член 6**

Посебните условите кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање, односно да бидат потенцијални партнери во проектот се следнивеи тоа:

- Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 25 години,
- Заедницата на сопственици да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изработи енергетски ефикасна фасада
- Заедницата на сопственици да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за да се изработи енергетски ефикасна фасада

Одлуките се носат засебно.

Во насловот на Одлуките е потребно да биде дефиниран предметот на кој се однесуваат истите.

Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.

Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија.

**Член 7**

Одредбите во овој правилник не се однесуваат на следните категории на згради и делови од згради:

- Згради кои имаат помалку од 2 ката со приземје,
- Згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било не прифатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот,
- Згради кои служат за религиозни цели,
- Времени објекти со планирано време на употреба од 2 години или пократко,
- Станбени објекти чија планирана употреба е пократка од 4 месеци во текот на годината,
- Сопствениците на деловните објекти во колективните станбени згради не може да бидат корисници на субвенциите за воведување на мерки за енергетска ефикасност
- Дел од зградата кој се смета за внатрешен заеднички простор на станарите (влез, ходници и подрумски простории) кои не се во опфатот на субвенционирање.

**Висина на субвенционирање**
**Член 8**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош, Програма ГД, во висина од 30%, но не повеќе од 600.000,00,денари од вкупниот износ на вредноста на енергетски ефикасни мерки на станбената зграда за колективно домување за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најниска понуда за материјали и работни позиции за секоја од мерките за енергетска ефикасност.

Сопствениците на посебните делови во станбените згради за колективно домување преку кредитирање или во готово ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата со мерки за енергетска ефикасност.

**Член 9**

Ако одреден сопственик на посебен дел кој живее во колективна станбена зграда, а зградата е избрана за субвенционирање и подршка за реконструкција со мерки за енергетска ефикасност е социјален случај, тогаш делот од трошокот за тоа семејство или лице од страна на Општина Карпош од Програма ГД, ќе се субвенционира во висина од 100% од вредноста на инвестицијата во енергетски ефикасни мерки.

Семејството или лицето својот статус на социјален случај го докажува со документ од соодветна надлежна социјална институција дека е примател на редовна парична помош и нема други примања.

**Начин на спроведување на субвенционирањето**
**Член 10**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите со овој Правилник, Општината објавува јавен повик кој се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината, објавување до електронски медиуми со кои општината има соработка, какои со смс порака до секој претседател на Заедница на сопственици и Управители за кои има податоци во регистарот на станбени згради за колективно домување.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае 30 дена сметајќи од денот на објавување на јавниот повик, со можност за негово продолжување во зависност од искористеноста на предвидените средства за тековната година.

При спроведување на постапката, согласно динамиката, потенцијалните корисници ќе бидат континуирано известувани за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Карпош.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**

**Член 11**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош ќе формира Комисија од 5 члена и тоа тројца од Општина Карпош и двајца од Хабитат Македонија од кои еден е претседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, при што доставува годишен извештај за својата работа до Советот и Градоначалникот.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара другадополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува записник. Во записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за субвенционирање и поддршката за проектот `енергетски ефикасни домови` по редослед базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник, а првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата во соработка со Хабитат Македонија.

**Член 12**

Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат,
- процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства или заем,
- потребната документација која треба да се поднесе заедно со Апликацијата за користење на субвенции за воведување на мерки за енергетска ефикасност во згради за колективно домување,
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.
Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Карпош за оваа намена за тековната година.

**Начин на објавување на резултати**

**Член 13**

Комисијата листата ја објавува на веб страната на општината и на огласната табла на Општината, а се доставува и Известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за

постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршкатаза проектот `енергетски ефикасни домови`.

Оваа листа има важност во период од три години од денот на објавувањето односно се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка на Хабитат Македонија и Општина Карпош во наредните три фискални години.

**Избор на изведувач**
**Член 14**

Комисијата дава техничка поддршка на Заедницата на сопственици или Управители при изработка и доставување барање за прибирање на понуда до најмалку три понудувачи врз основа на техничка спецификацијата од проектната документација, при што изборот на градежна фирма (изведувач) го врши Заедницата на сопственици или мнозинството од станарите со носење на одлука за избор на изведувач.

**Член 15**

За следење на квалитетот на изведување на мерките за енергетска ефикасност при реконструкција на станбени згради за колективно домување од страна на Градоначалникот Општина Карпош ќе се формира надзорно тело од три стручни лица и тоа два претставника од Општина Карпош и еден од Хабитат Македонија.

**Потпишување на договор за субвенционирање**
**Член 16**

Општина Карпош, по предлогот на Комисијата за имплементација на мерките за обезбедување субвенционирање и поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во колективните станбени згради, а врз основа на Јавниот повик за субвенционирање на мерки за енергетска ефикасност, по комплетирањето на сите потребни документи, може да склучи:

- Договор за субвенционирање и подршка со Заедницата на станари или управителот на зградата, и
- Договор за исплата на субвенцијата со Хабитат Македонија, како институција која обезбедува целосно кредитирање.

Во Одлуката за доделување финансиска поддршка која ќе ја усвои Советот на Општина Карпош ќе биде утврден финансискиот износ, по штп ќе се потпишат договорите помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управителот на зградата и Хабитат Македонија ќе се утврдува износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставенататехничка спецификација, којшто ќе изнесува *30%*, но не повеќе од *600.000,00* , денари од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект

посебно, а врз основа на доставената ***најприфатлива*** понуда за материјали и работни позиции за секоја од мерките за енергетска ефикасност.

**Член 17**

По целосно спроведената постапка Хабитат Македонија ќе обезбеди финансиска поддршка во форма на заеми на целиот износ на инвестицијата за изведба на ЕЕ мерки, а по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за енергетска ефикасност, прегледани и потпишани од страна на надзорното тело, Општина Карпош ќе изврши исплата на субвенцијата кон Хабитат Македонија, а Хабитат Македонија ќе изврши корекција во амортизационите планови на заемокорисниците, односно ќе ги намали во висина на исплатената субвенција сразмерно.

**Техничка поддршка**

**Член 18**

Техничката поддршка се состои во изработка на техничка документација за реновирање на станбената зграда, која ќе дефинира мерки за подобрување на енергетската ефикасност на зградата, односно поставување на енергетски ефикасна фасада и промена или поставување на енергетски ефикасен кров.

Врз основа на Меморандумот за соработка, трошоците за подготовка на техничката документација подеднакво ќе се споделат по 1/2, помеѓу Општина Карпош и Хабитат Македонија, кои трошоци ќе изнесуваат не повеќе од 5% од инвестиционата вредност за реновирање на станбената зграда, кои средства Општината ќе ги исплаќа од Програма ГД.

**Член 19**

Хабитат Македонија со свои стручни служби ќе ја изработува техничката документација за имплементација на мерките за обезбедување поддршка во подобрувањето на енергетската ефикасност во згради за колективно домување во Општина Карпош.

Техничката документација за реновирање на станбената зграда ќе содржи технички опис, приказ на постоечката и новопланираната состојба на фасадата и кровот со предмер, опис и количини на дефинираните мерки за подобрување на енергетска ефикасност на станбената зграда, односно техничка спецификација.

**Член 20**

Врз основа на техничката документација за реновирање на станбената зграда ќе се процени инвестиционата вредност на мерките за енергетска ефикасност, а конечната вредност која ќе се субвенционира од страна на Општина Карпош ќе се утврди на основа на доставената нај

прифатлива понуда од страна на понудувачите, по што Советот на Општина Карпош ќе донесе Одлуката за доделување финансиска поддршка.

**Завршни одредби**
**Член 21**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/34**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/32**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1. точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), а во всрка со Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „енергетски ефикасни домови“ на станбени згради заколективното домување во Општина Карпош донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување оглас за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „Енергетски ефикасни домови“ на станбени згради заколективното домување во Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската подршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас, врз основа на утврдените критериуми во Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на субвенционирање и подршка во проектот „енергетски ефикасни домови“ на

станбени згради заколективното домување во Општина Карпош, донесен на триесе и четвртата седниц на Советот на Оптшина Карпош.

**Член 3**

Се овластува Грдаоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање комисија за спроведување на постапката, која ќе има обврска да ја спроведе постапката по објавениот и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка.

**Член 4**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-493/35**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Правилник за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1.Се објавува Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/33**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1. точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош

### Општи одредби
### Член 1

Со овој Правилник се уредуваат: условите, критериумите, видот и начинот на финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови изнесува 1.000.000,00 денари.

Вкупниот износ на финансиската поддршка за оштетени кровни конструкции и кровни покривачи изнесува 1.000.000,00 денари.

### Член 2

Корисници на финансиската поддршка се Заедниците на сопственици (ЗС) или Управители (УСЗ) на станбени згради за колективното домување (во понатамошниот текст: Корисници), кои аплицираат врз основа на јавен повик за финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, преку:

- пополнување на апликација

-доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН-ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ЗА 2020 ГОДИНА, ЗА ТАА НАМЕНА.

**Член 3**

Процесот на субвенционирање ќе се заснова врз начелата на: јавност, објективност, недискриминација, транспарентност, ефикасност и економичност.

**Услови и критериуми за субвенционирање и категоризација на згради**

**Член 4**

Општи услови кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници на субвенцијата:

- ✓ Да се регистрирани како Заедници на сопственици или со заедницата да управува правно лице – Управител, согласно Законот за домување, за што се доставува решение од Централен регистар на РСМ или договор со правно лице – управител, кои се евидентирани во Регистарот на Заедници на сопственици кој го води Општина Карпош.

Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица, или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – решение од ЦР на РСМ или да достави Договор со фимата управител која ја застапува заедницата на колективниот станбен објект.

- ✓ Да достават Имотен лист со кој се докажува сопственоста

Доколку колективниот станбен објект има повеќе влезови и истите се регистрирани како посебни правни лица или имаат потпишано посебни договори со правно лице управител за застапување, потребно е секој влез – секое правно лице засебно да достави доказ – Имотен лист со кој се докажува сопственоста.

**Член 5**

Посебните условите кои треба да бидат целосно исполнети од страна на потенцијалните Корисници за субвенционирање:

Станбените згради за колективно домување да бидат постари од 25 години

- Заедницата на сопственици да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да се изврши поправка и санација на постоечки лифтови и/или оштетени кровни конструкции и кровни покривачи.
- Заедницата на сопственици да има донесено Одлука дека сопствениците на посебните делови се согласни да учествуваат со сопствени средтсва за дел од вкупниот износ за санација-поправка на постоечки лифтови и/или оштетени кровни конструкции и кровни покривачи

Одлуките се носат засебно:
- за поправка и санација на постоечки лифтови
- и за оштетени кровни конструкции и кровни покривачи

Во насловот на Одлуките е потребно да биде дефиниран предметот на кој се однесуваат истите.

Одлуките се сметаат за усвоени доколку истите своерачно ги потпишале 50% плус еден сопственик од вкупниот број на сопственици на посебни делови на колективниот станбен објект.
Одлуките се доставуваат во оригинален примерок или нотарски заверена копија.

**Член 6**

Одредбите во овој правилник не се однесуваат на следните категории на згради и делови од згради:

- Згради кои имаат помалку од 3 ката со приземје (се однесува само за санација на лифтови),
- Згради и споменици заштитени како специјални архитектонски или историски вредности, кај кои исполнување на барањата би било не прифатливо поради промена на карактерот или изгледот на објектот,
- Згради кои служат за религиозни цели,
- Времени објекти со планирано време на употреба од 2 години или пократко,
- Станбени објекти чија планирана употреба е пократка од 4 месеци во текот на годината,
- Сопствениците на деловните објекти во колективните станбени згради не може да бидат корисници на субвенциите за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош .

**Висина на субвенционирање**
**Член 7**

Субвенционирањето ќе биде поддржано со финансиски средства од буџетот на Општина Карпош, Програма ГД, по принципот прв дојден-прв услужен до исцрпување на предвидените финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, за таа намена, во висина од:

- 30%, но не повеќе од 200.000,00, денари од вкупниот износ на вредноста на поправка и санација на постоечки лифтови и
- 30% но не повеќе од 150.000,00 денари за поправка и санација на оштетена кровна конструкција и кровен покривач за секоја одобрена апликација, поднесена од Заедница на станари или Управителот на станбената зграда врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции.

Сопствениците на станови во станбените згради за колективно домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства во висина од 70% од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата и истото ќе го потврдат со Одлуки дефинирани во член 5 од овој Правилник.

**Начин и постапка за спроведување на субвенционирањето**
**Член 8**

За реализирање на средствата врз основа на критериумите и условите со овој Правилник, Општината објавува јавен повик кој се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, во печатена форма на сите јавни објекти во општината, објавување до електронски медиуми со кои општината има соработка, какои со смс порака до секој претседател на Заедница на сопственици и Управители за кои има податоци во регистарот на станбени згради за колективно домување.

Рокот за поднесување на апликациите ќе трае 30 дена сметајќи од денот на објавување на јавниот повик, со можност за негово продолжување во зависност од искористеноста на предвидените средства за тековната година.

При спроведување на постапката, согласно динамиката, потенцијалните корисници ќе бидат континуирано известувани за степенот на искористување на предвидените средства, односно за износот на преостанати средства на веб страната на Општина Карпош.

**Член 9**

Јавниот повик за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективно домување ќе ги содржи следните елементи:

- опис на објектите за колективно домување за кои што станарите можат да аплицираат,

- процентот на учество на корисниците кои сопственото учество ќе го обезбедат како дел со сопствени средства.
- потребната документација која треба да се поднесе заедно со Апликацијата за користење на субвенции за воведување на мерки за енергетска ефикасност во згради за колективно домување,
- услови кои станарите што аплицираат треба да ги исполнат.

По јавниот повик сите апликанти кои што ќе ги исполнат условите ќе бидат прифатени со првенство за барателите/апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата, согласно одредбата од член 2, став 2 од овој Правилник.

Јавниот повик ќе трае до исцрпувањето на средствата предвидени од Буџетот на Општина Карпош за оваа намена за тековната година.

**Начин на аплицирање и содржина на апликација**
**Евалуација на апликациите и начин на објавување на резултати**

**Член 10**

За утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиските средства од овој Правилник, Градоначалникот на Општина Карпош ќе формира Комисија од 5 члена од кои еден е претседател и еден технички секретар кој админстративно ја води Комисијата, при што доставува годишен извештај за својата работа до Советот и Градоначалникот.

Комисијата има право и должност да ги провери податоците во Апликацијата, да изврши увид во соодветноста на документацијата и доколку е потребно да се консултира со стручни лица или овластени лица да направат увид на лице место, како и да бара друга дополнителна документација, при што за својата работа Комисијата составува записник. Во записникот се утврдува листа на потенцијални корисници за за финансиската поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции на станбени згради за колективно домување ` базиран на условите и критериумите кои се дефинирани во овој Правилник, првенство за субвенционирање ќе имаат апликантите кои што први ќе ја комплетираат документацијата.

**Член 11**

Комисијата листата ја објавува на веб страната на Општината и на огласната табла на Општината, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции на станбени згради за колективно домување .

Оваа листа има важност во период од една година од денот на објавувањето односно се до целосно искористување на средствата согласно финансиската рамка во буџетот на Општина Карпош.

**Потпишување на договор за субвенционирање**
**Член 12**

По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции на станбени згради за колективно домување, а врз основа на Одлуката за објавување Јавен повик и Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Карпош доставува засебни предлог Одлуки за одобрување финансиски средства до Советот на Општина Карпош.

По усвојување на Одлуката за одобрување финанскиски средства од Советот на Општина Карпош, Градоначалникот на Општина Карпош потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.

Исплатата на одобрените финансиски средства (исплата на субвенцијата) ќе се изврши по достава на Сертификат за техничка исправност на лифт во Општина Карпош, односно по извршување на технички прием и доставување на завршната ситуација за позициите наменети за поправка и санација на постоечки лифтови или оштетени кровни конструкции на станбени згради за колективно домување, прегледани и потпишани од страна на надзорен орган.

Во Одлуката донесена од Советот на општина Карпош и во договорите потпишани помеѓу Општина Карпош и заедниците на станари или овластениот управителот на зградата ќе се утврди износот на средства за субвенционирање и поддршка од Општина Карпош врз основа на доставената техничка спецификација, која што ќе изнесува 30%, но не повеќе од 200.000,00 денари за санација и реконструкција на лифтови и 30% но не повеќе од 150.000,00 денари за поправка и санација на оштетени кровни конструкции и кровни покривачи, од вкупната инвестиција на база на утврдената техничка спецификација за секој проект посебно, а врз основа на доставената најприфатлива понуда за материјали и работни позиции, согласно член 2, став 2 од овој Правилник.

**Завршни одредби**
**Член 13**

Овој Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објавуви во „Службен Гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/36**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/34**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1. точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на екологијата и енергетската ефикасност за 2020 година и Буџетот на Општина Карпош за 2020 година, Програма ГД-Проекти за енергетска ефикасност („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.24/2019), а во всрка со Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за започнување постапка за објавување оглас за субвенционирање во постапката за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективно домување во Општина Карпош.

**Член 2**

Финансиската подршка од член 1 на оваа одлука, ќе се додели врз основа на постапка по објавен оглас, врз основа на утврдените критериуми во Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка за поправка и санација на постоечки лифтови и оштетени кровни конструкции и кровни покривачи на станбени згради за колективното домување во Општина Карпош, донесен на триесет и четвртата седница на Советот на Оптшина Карпош.

**Член 3**

Се овластува Грдаоначалникот на Општина Карпош да донесе Решение за формирање комисија за спроведување на постапката, која ќе има обврска да ја спроведе постапката по објавениот и врз основа на Записникот од спроведената постапка да достави до Советот на Општина Карпош и до градоначалникот на Општина Карпош предлог за доделување на еднократна финансиска поддршка.

**Член 4**

По завршената постапка Градоначалникот на Општина Карпош ќе донесе поединечни решенија за исплата.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”

**Број: 09-493/37**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за прифаќање движна ствар на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија – Агенција за управување со одземен имот**

1.Се објавува Одлуката за прифаќање движна ствар на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија – Агенција за управување со одземен имот, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/35**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02); член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Репунлика Северна Македонија“ бр.101/19), врз основа на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Карпош бр.5286/2 од 06 декември 2019 година, донесено од Агенција за управување со одземен имот врз основа на правосила пресуда К-ППбе.40/18 од 07.05.2018 на Основен Суд Гевгелија и врз основа на член 52, став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18) а во врска со Одлука за давање согласнсот на Решението за отстапување на одзенем предмет со правосилна пресуда на Општина Карпош, бр.45-10066/6 од 28.12.2019 година, донесена од Владата на Република Северна Македонија, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање движна ствар на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија – Агенција за управување со одземен имот**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Карпош прифаќа во трајно користење без надомест движна ствар, како следи:

- Опис и тип на возило: Пмв Опел Мерива
- Рег,Таблици: SK 119 ES
- Брij на шасија : WOLOXCE7544074613
- Вредност во денари: 140.000,00 денари

**Член 2**

Движната ствар наведена во член 1 од оваа Одлука се прифаќаат на трајно користење во корист на Општина Карпош, без надомест.

**Член 3**

Примопредавањето на недвижната ствар од член 1 на оваа Одлука ќе се изврши помеѓу Агенцијата за управување со одземен имот при Влада на Република Северна Македонија и Општина Карпош.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да склучи Договор за прифаќање за трајно користење на движни ствари без надомест со Агенцијата за управување со одземен имот при Влада на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/38**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор во М.З. Влае**

1.Се објавува Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор воМ.З. Влае, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/36**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за закуп на деловен простор во М.З. Влае**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за закуп на деловен простор - Заедничка Просторија, Мезанин бр.2 кој се наоѓа на Југо Западната страна во Мезанинот на колективниот станбен објект на бул.Партизански одреди бр.153 со вкупна површина од с.с.а. 56.05 м $^{2}$.

**Член 2**

Деловниот простор - Заедничка Просторија, Мезанин бр.2 кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Заедница на сопственици на посебни делови на булевар„Партизански одреди“ бр.153, со број на жиро-сметка:300000003281643, депонент:Комерцијанлна банка АД Скопје, ЕДБ:МК4057011512956, застапувано од претседател на заедницата Бобан Петроски и се наоѓа во Урбана заедница Влае 2, Општина Карпош.

**Член 3**

Предметниот деловен простор преставува покриен и затворен простор на мезанин во повеќе катницата, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби (2 лифта, 2 деловни простории-канцеларии, електрична и водоводна инсталација, санитарен чвор и обезбедена комплетна заштита на објектот).

**Член 4**

Договорот за закуп да се склучи за 2020 година, почнувајќи од 01.01.2020 година заклучно со 31.12.2020 година.

**Член 5**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 11.000,00 денари (180 евра).

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година од Програмата ЕО–општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката ја потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/39**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153**

1.Се објавува Одлука за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/37**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и врз основа на Одлука за согласност за закуп на деловен простор од 29.01.2019 година донесена од Советот на Општина карпош, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар во закуп на Општина Карпош, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153 – заедничка просторија, мезанин 2, на Пензионерските друштва: Здружение на пензионери КАРПОШ и Здрушение на пензионери Тафталиџе ДДД.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на отстапување на користење на оваа одлука е во сопственост на Заедница на сопственици на булевар „Партизански одреди“ бр. 153, објект Б2, комплекс Порта Влае на бул.„Партизански одреди“ бр.153 – заедничка просторија, мезанин 2, со вкупна површина од цца 56.05 м2, застапувана од претседателот на заедницата.

**Член 3**

Предметниот деловен простор, преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби (2 лифта, 2 деловни простории-канцеларии, електрична и водоводна инсталација, санитарен чвор и обезбедена комплетна заштита на објектот).

**Член 4**

Пензионерските друштва од член 1 на оваа одлука, се обврзуваат да ги користи деловните простории-канцеларии за реализирање на програмските активности на здруженијата.

**Член 5**

Пензионерските друштва се обрзува да ги покриваат тековните месечни трошоци (струја и вода) подеднакво, врз основа на месечни фактури доставени од Заедницата на сопственици, најдоцна до 15ти во месецот.

**Член 6**

Се овластува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката на потпишување и заверка на Договор за времено отстапување на користење на деловен простор со пензионерските друштва.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише Договор за времено отстапување на користење на деловен простор со пензионерските друштва.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.01.2020 година.

**Број: 09-493/40**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор во М.З.Бардовци**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во М.З.Бардовци, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/38**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за закуп на деловен простор во М.З.Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за закуп на недвижна ствар - деловен простор во М.З.Бардовци, на улица „12“ бр.1 со вкупна површина од 55 м $^{2}$.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Лазар Тофилоски на улица „12“ бр. 1, со вкупна површина од цца 55 м2., со број на жиро-сметка:300007000171294, депонент:Комерцијанлна банка АД Скопје.

**Член 3**

Предметниот деловен простор преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби.

**Член 4**

Договорот за закуп да се склучи за 2020 година, почнувајќи од 01.01.2020 година заклучно со 31.12.2020 година.

**Член 5**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 150 евра во денарска пртоиввредност сметано според средниот курс на НБРСМ на денот на уплатата.

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година од Програмата ЕО– општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката ја потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/41**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, деловен простор во М.З.Бардовци, на ул.„12“ бр.1**

1.Се објавува Одлуката за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, деловен простор во М.З.Бардовци, на ул.„12“ бр.1, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/39**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и врз основа на Одлука за согласност за закуп на деловен простор од 29.01.2019 година, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година,донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, деловен простор во М.З.Бардовци, на ул.„12“ бр.1**

**Член 1**
Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар во закуп на Општина Карпош, деловен простор на ул.„12“ бр.1, М.З.Бардовци, на Пензионерските друштва: Здружение на пензионери КАРПОШ и Здрушение на пензионери Тафталиџе ДДД.

**Член 2**
Деловниот простор кој е предмет на отстапување на користење на оваа одлука е во сопственост на Лазар Тофилоски на улица „12“ бр. 1, со вкупна површина од цца 55 м2.

**Член 3**
Предметниот деловен простор, преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби.

**Член 4**
Пензионерските друштва од член 1 на оваа одлука, се обврзуваат да ги користи деловните простории-канцеларии за реализирање на програмските активности на здруженијата.

**Член 5**
Пензионерските друштва се обрзува да ги покриваат тековните месечни трошоци (струја и вода) подеднакво, врз основа на месечни фактури доставени од Заедницата на сопственици, најдоцна до 15ти во месецот.

**Член 6**

Се овластува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката на потпишување и заверка на Договор за времено отстапување на користење на деловен простор со пензионерските друштва.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише Договор за времено отстапување на користење на деловен простор со пензионерските друштва.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 01.01.2020 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/42**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З.Нерези**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З.Нерези, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/40**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019), Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година,донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за закуп на деловен простор во У.З.Нерези**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за закуп на недвижна ствар - деловен простор во У.З.Нерези, на улица „Ванчо Мицков“ бр.97, лок 6, со вкупна површина од 19 $м^2$.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Абдула Целили на улица „Ванчо Мицков“ бр. 97, лом 6 со вкупна површина од 19 м2., со број на жиро-сметка:300007099041454, депонент:Комерцијанлна банка АД Скопје.

**Член 3**

Предметниот деловен простор преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби.

**Член 4**

Договорот за закуп да се склучи за 2020 година, почнувајќи од 01.01.2020 година заклучно со 31.12.2020 година.

**Член 5**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 88 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година од Програмата ЕО– општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката ја потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/43**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, деловен простор во У.З.Нерези, на ул.„Ванчо Мицков“ бр.97, лок 6**

1.Се објавува Одлуката за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, деловен простор во У.З.Нерези, на ул.„Ванчо Мицков“ бр.97, лок 6, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/41**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и врз основа на Одлука за согласност за закуп на деловен простор од 29.01.2019 година, Советот на Општина Карпош, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година,донесе

**О Д Л У К А**
**за согласност за времено давање на користење без надомест на закупена недвижна ствар – закупец Општина Карпош, деловен простор во У.З.Нерези, на ул.„Ванчо Мицков“ бр.97, лок 6**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за времено отстапување на користење без надомест на закупена недвижна ствар во закуп на Општина Карпош, деловен простор во У.З.Нерези, на ул.„Ванчо Мицков“ бр.97, лок 6, на Пензионерските друштва: Здружение на пензионери КАРПОШ и Здрушение на пензионери Тафталиџе ДДД.

**Член 2**

Деловниот простор кој е предмет на отстапување на користење на оваа одлука е во сопственост на Абдула Џелили на улица „Ванчо Мицков“ бр. 97, лок 6, со вкупна површина од 19 м2.

**Член 3**

Предметниот деловен простор, преставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби.

**Член 4**

Пензионерските друштва од член 1 на оваа одлука, се обврзуваат да ги користи деловните простории-канцеларии за реализирање на програмските активности на здруженијата.

**Член 5**

Пензионерските друштва се обрзува да ги покриваат тековните месечни трошоци (струја и вода) подеднакво, врз основа на месечни фактури доставени од Заедницата на сопственици, најдоцна до 15ти во месецот.

**Член 6**

Се овластува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката на потпишување и заверка на Договор за времено отстапување на користење на деловен простор со пензионерските друштва.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да потпише Договор за времено отстапување на користење на деловен простор со пензионерските друштва.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 01.01.2020 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/44**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за закуп на магацински простор Лапласт**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за закуп на магацински простор Лапласт, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/42** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Датум: 30.01.2020 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019), а во врска со Договорот за закуп на деловен простор-магацин, бр.03-1033/4 од 08.02.2018 година, Анекс кон договор бр.03-192/3 од 10.01.2019 година, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за закуп на магацински простор Лапласт**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за закуп на деловен простор-магацин за складирање на подвижни ствари - сопственост на Општина Карпош.

**Член 2**

Деловниот простор-магацински простор бр.1 кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Друштво за производство, трговија и услуги **“ЛАПЛАСТ-М“ ДООЕЛ** експорт-импорт Скопје, со адреса на ул.“Франце Прешерн“ бр.165, со број на жиро-сметка: 2010058340070111, депонент: Тутунска банка АД Скопје, ЕДБ:МК4030004498837, застапувано од управителот Миле Илиевски и се наоѓа на подрачјето на општината, во локалитетот: “Момин Поток“ бб (улица 1506 бр.50), во површина од 472 метри квадратни, во сопственост на закуподавачот.

**Член 3**

Предметниот деловен простор-магацин, претставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби (добар и лесен приод, зидани простории, електрична инсталација, лимен покрив и обезбедена комплетна заштита на објектот).

**Член 4**

Договорот за закуп да се склучи за 2019 година, почнувајќи од денот на донесување на оваа одлука- 29 јануари 2020 година, заклучно со 31 декември 2020 година.

**Член 5**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 86.376,00 денари, со пресметан ддв.

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година од Програмата ЕО– општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката ја потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/45**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „ Копенхагенска“ бр.5, ЗЕЛС, Општина Карпош-Скопје**

1.Се објавува Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Копенхагенска“ бр.5, ЗЕЛС, Општина Карпош-Скопје, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/43**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 23 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/2019), а во врска со Договорот за закуп на деловен простор бр.03-3668/2 од 07.10.2009 година, Советот на Општина Карпош на триесет и четвртата седница, одржана на 29 Јануари 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Копенхагенска“бр.5, ЗЕЛС, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласнот за закуп на деловен простор во деловна зграда на ЗЕЛС на улица „Копенхагенска“ бр.5, Општина Карпош-Скопје.

**Член 2**

Деловниот простор-две простории – канцеларии со ознаки Б2 и Б5 (согласно проектниот план за деловна зграда на ЗЕЛС, односно описно канцеларија веднаш до лифтот и првата канцеларија о ддесната страна до тоалетот) како простор кој ќе биде користен единствено од закупувачот и простор со површина од 53.12м2 (ходник на спрат, пристапен ходник и тоалети) со статус зеднички простор, кој е предмет на закуп на оваа одлука е во сопственост на Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија, со адреса на ул.„Копенхагенска“ бр.5, со број на жиро-сметка: 300-000001010679, депонент на Комерцијална банка АД Скопје, застапувано од директор Душица Перишиќ и се наоѓа на подрачјето на општината, во М.З.Тафталиџе 2, во површина од 53,12 м2 , во сопственост на закуподавачот.

**Член 3**

Предметниот деловен простор, претставува покриен и затворен простор, кој што ги задоволува сите инфраструктурни потреби.

**Член 4**

Договорот за закуп да се склучи за 2020 година, почнувајќи од денот на донесување на оваа одлука-29 јануари 2020 година, заклучно со 31 декември 2020 година.

**Член 5**

Месечната закупнина согласно понудата од закуподавецот изнесува 450 евра во денарска противвредност сметано според средниот курс на НБРСМ на денот на уплатата.

**Член 6**

Средствата за реализација на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2020 година од Програмата ЕО– општинска администрација.

**Член 7**

Се овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Се задолжува Секторот за правни работи да изготви договор и да ја спроведе постапката ја потпишување и заверка на истиот.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-493/46**
**Датум: 29.01.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Андреј Манолев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014 и 9/2019), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“бр.6/1/2 ,Општина Карпош-Скопје**

1.Се објавува Одлуката за давање согласност за закуп на деловен простор на улица „Воденска“бр.6/1/2 ,Општина Карпош-Скопје, донесена на триесет и четвртата седница на Советот на ОпштинаКарпош, одржана на 29 јануари 2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-738/44**
**Датум: 30.01.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стефан Богоев, с.р.**

